Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 03-235/1
28.04. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 2 од Правилникот за утвдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско кои се определени во годишните програми бр.08-211/8 од 24.04.2026 година („Службен гласник на Општина Градско" бр.4/2026), точка 1 од Програмата за активностите на општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2026 година бр.08-211/5 од 24.04.2026 година („Службен гласник на Општина Градско" бр.4/2026) Општина Градско објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за финансиска поддршка за реализација на проектот**
**„Фолклоријада Градско 2026"**

1. **Предмет на Јавниот повик:**

Во рамки на Програмата за активностите на Општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2026 година, а со цел културно и забавно анимирање на жителите, се објавува Јавен повик за реализација на пролетната културна манифестација „Фолклоријада Градско 2026". Во рамките на манифестацијата предвидено е да се организира дружење на културно уметнички друштва од Република Македонија и од Република Србија. Програмата на настанот треба да ја промовира културата и културното наследство на општината, да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на општината, како и да овозможи забава за сите возрасни категории.

Учесниците на Јавниот повик потребно е да понудат програма за реализација на гореспоменатата манифестација.

Датумот за одржување на настанот е 09.05.2026 година (сабота), а предвидената локација за реализација на проектот е Амфитетарот во центарот на Градско. Општина Градско ги обезбедува услугите за озвучување и осветлување на настанот.

Овој Јавен повик се објавува на огласната табла и на веб-страницата на Општина Градско https://www.gradsko.gov.mk/

2. **Услови за пријавување**:

**2.1. Право на учество:** На овој повик можат да се пријават сите регистрирани здруженија, организации и правни субјекти што делуваат во полето на културата, уметноста и маркетингот и се со седиште на територијата на Општина Градско.

**2.2. Критериуми**: Врз основа на член 9 од Правилникот за начинот, критериумите и постапката за доделување финансиски средства за проекти и програмски активности од областа на културата од интерес за Општина Градско, сите здруженија, организации и правни субјекти кои вршат дејност од областа на културата, уметноста и маркетингот треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- да се регистрирани како здружение, организација или правен субјект од областа на културата, уметноста и маркетингот со седиште во Општина Градско
- да имаат активна трансакциска сметка и активен статус на дејствување од најмалку една (1) година
- да поседуваат Статут и Решение за регистрација на здружението, организацијата или правниот субјект
- да имаат најмалку една година работно искуство во културата

**3. Потребна документација за пријавување на Јавнот повик:**

- пополнета пријава со краток опис и агенда за манифестацијата
- портфолио на здружението, организацијата или правниот субјект
- референтна листа
- финансиска конструкција за средствата потребни за реализација на манифестацијата
- активна трансакциска сметка на субјектите што се пријавиле на Јавниот повик на која може да се префрлат добиените средства
- Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија не постара од 6 месеци.

**4. Комисија за евалуација и критериуми:**

Поднесените пријави по објавениот повик ќе ги разгледува петчлена Комисија формирана од Градоначалникот во состав од 3(три) члена од од редот на општинската администрација и 2(два) члена од Советот на Општина Градско. Критериумите за избор на пријавените кандидати при доделување на средства од Буџетот на Општина Гардско се оригиналност на идејата, референците и портфолиото на субјектите и прифатливост на финансиската конструкција за организација на настанот. Проектите ќе бидат бодувани согласно член 9 од Правилникот за утвдување на условите, критериумите, начинот и постапката за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Градско кои се определени во годишните програми.

**5. Начин и рок на поднесување на пријавата:**

Рок за поднесување на пријавите е 5 (пет) дена од денот на објавување на Јавниот повик на веб-страницата на Општина Градско.

Пријавата со целокупната документација може да се достави преку пошта на адреса:
Општина Градско
ул. „Маршал Тито“ бр.70А 1420 Градско
или во Архивата на Општина Градско од 9.00 до 15.00 часот
со назнака: Јавен повик за финансиска поддршка за реализација на пролетна кулурна манифестација „Фолклоријада Градско 2026“.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат. Проектите поддржани со овој Јавен повик се составен дел од Годишната Програма за активностите на Општина Градско во областа на културата и културните манифестации за 2026 година. Износот на финансиската поддршка на избраниот проект ќе биде одреден согласно големината и квалитетот на проектот, а во рамките на предвидените средства во Програмата за активностите на Општина Градско во областа на културата и културните манифестации и Буџетот на општината. Вкупните средства за Јавниот повик за финансиска поддршка за реализација на проектот „Фолклоријада Градско 2026“ изнесуваат 102.000,00 денари. Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите по завршување на рангирањето на пријавите од Комисијата. Општина Градско ќе склучи Договор за финансирање со субјектот чиј проект ќе биде избран на Јавниот повик.

***Напомена: Пријавата за финансиска поддршка ќе биде достапна на веб-страницата на Општина Градско (https://www.gradsko.gov.mk/).***
***Пријавите со нецелосна документација, пријавите пополнети на несоодветен образец или пријавите што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.***

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

Јавниот повик е објавен:
-Веб страната на општина Градско
-Огласна табла на општината